РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-256/5
30-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-мата седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-256/1 од 15.01.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости поврзани со одбрана на магистерски труд на /// при Универзитетот /// од страна на кандидатот ///, актуелен министер за ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон.

Предметот со број 12-256/1 од 16.11.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 15.01.2026 година поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости поврзани со одбрана на магистерски труд на /// при Универзитетот /// од страна на кандидатот ///, актуелен министер за /// и оформен е предмет број 12-256/1 од 16.11.2023 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за злоупотреба на службената положба од страна на ///, министер за /// и од страна на лицата ///, /// и ///, професори на /// при Универзитетот /// и членови на комисијата за оценка на магистерскиот труд. Изразеното сомневање подносителот на пријавата го основа на околности поврзани со ангажирање на членовите на комисијата за оценка на магистерскиот труд во работни тела во Министерството за ///, поради што подносителот на пријавата ја доведува во прашање непристрасноста на членовите на комисијата, имајќи предвид дека истите остваруваат корист од ангажманот во Министерството во кое кандидатот е министер.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до /// при Универзитетот ///.

Од увидот во прибавената документација утврдено е следното:
Видно од Уверението за положени испити од втор циклус (бр./// од /// година, кандидатот /// ги положил сите испити предвидени во студиската програма /// од вториот циклус студии на /// при Универзитетот /// и на ///2025 година го одбранил магистерскиот труд под менторство на проф.д-р ///, со што стекнал назив магистер по ///.
Пријавата за изработка на магистерски труд била поднесена на ///2025 година. Темата за изработка на магистерскиот труд била усвоена како подобна со Одлука на Наставно-научниот совет донесена на седница одржана на ///.2025 година.
Комисијата за оценка на магистерскиот труд, во состав проф. д-р /// (ментор), проф. д-р /// и проф. д-р /// била формирана со Одлука на Наставно-научниот совет донесена на седница одржана на ///2025 година. Комисијата во наведениот состав го прегледала и го оценила подготвениот магистерски труд, и на Наставно-научниот совет на /// на ///2025 година му поднела Извештај, со предлог за прифаќање на Извештајот и за закажување на одбрана на магистерскиот труд, по што Наставно-научниот совет на седница одржана на ///2025 година донел Одлука за прифаќање на Извештајот за оценка на магистерскиот труд.

Имајќи ја предвид содржината на погоре посочените акти, како и содржината на Одлуката за одбрана на магистерскиот труд (бр./// од /// година) и на Записникот бр./// од /// година, ДКСК утврди дека во случајот со фактичката состојба утврдена врз основа на извршениот увид во посочената документација доставена од страна на /// не може да се констатира повреда на Закон.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D., член/anëtar